**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-72**
**10.03. 2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г., Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-777/1 од 25.02.2022 г. и Заклучокот арх.бр.02-915/3 од 10.03.2022 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 9-та седница одржана на 10.03.2022 г. согласно, го донесе следното:

# Решение
## за преземање мерка–јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 11-ти февруари 2022 г., во цртаните филмови „Маша и Медо" и „Том и Џери", деловите во кои има говор се дадени изворно на руски и англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански јазик, јазикот на кој што медиумот емитува програма согласно дозволата арх.бр.08-61 од 05.01.2015 година.

   Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-777/1 од 25.02.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена

повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 64 став 1 од ЗАВМУ, радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 24-ти февруари 2022 г., изврши вонреден, по службена должност, програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, емитуван на 11-ти февруари 2022 г., на локално ниво, при што констатираше прекршување на членот 64 став 1 од ЗАВМУ.

Со вонредниот надзор е констатирано дека на 11-ти февруари 2022 г., ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар во рамките на својот телевизиски програмски сервис, во цртаните филмови „Маша и Медо“ и „Том и Џери“, деловите во кои има говор се дадени изворно на руски и англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански јазик, јазикот на кој што медиумот емитува програма согласно дозволата арх.бр.08-61 од 05.01.2015 година.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-777/1 од 25.02.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар на 25.02.2022 г., испрати Допис наш Уп1 бр.10-777/2 од 25.02.2022 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-777/1 од 25.02.2022 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Во предвидениот рок, ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 10.03.2022 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-777/1 од 25.02.2022 г. и Заклучокот арх.бр.02-915/3 од 10.03.2022 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 10.03.2022 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-777/1 од 25.02.2022 година.

**Доставено до:**

- ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар;
- Управителот на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар;
- Одговорното лице на програмата во ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: | 25-02-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 777 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар

3. **Период опфатен со надзорот:** 11 февруари 2022 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 24 февруари 2022 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, емитуван на 11 февруари 2022 година, на локално ниво, **е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со вонредниот надзор е констатирано дека на 11 февруари 2022 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, во цртаните филмови „Маша и Медо“ и „Том и Џери“, деловите во кои има говор се дадени изворно на руски и англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански јазик, јазикот на кој што медиумот емитува програма согласно дозволата.

| Наслов | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Маша и Медо“- премиера<br>„Том и Џери“- премиера | 18:10:17<br>18:17:16 | 18:17:08<br>18:22:25 | Во цртаните филмови „Маша и Медо“ и „Том и Џери“, деловите во кои има говор се дадени изворно на руски и англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански јазик, јазикот на кој што медиумот емитува програма согласно дозволата. |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, на 11 февруари 2022 година, во цртаните филмови „Маша и Медо“ и „Том и Џери“, деловите во кои има говор се дадени изворно на руски и англиски јазик, без да се обезбеди превод на албански јазик, јазикот на кој што медиумот емитува програма согласно дозволата.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*